МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# FLORENCE NIGHTINGALE
# *ISTANBUL*
## *Edukacija*

***Назив на ЈЗУ*** : Општа Болница Охрид

***Назив на институција каде е одржана обуката : Florence Nightingale Hospital Istanbul*** 07 декември – 25 декември 2014 година

***Име и презиме на лицето испратено на обука:*** Лилјана Наневска

***Датум на презентација: 15.02.2014***

# *Florence Nightingale Hospital*

nadvore{en izgled na bolnicata





# *Florence Nightingale Hospital*

- Florence Nightingale-Шишли е стариот дел од болницата. Има и нов дел и двата дела се поврзани меѓу себе и работат како една целина. Новиот дел работи со приватни пациенти, а во стариот покрај приватни има и дел за социјалата. Нашата едукација се одвиваше во операциониот блок во кој имаше 10 операциони сали. Во операционите сали се влегуваше преку засебен влез каде што имаше соблекувална за персоналот кој работи во сала со комплетна опрема(капи, маски, кломпи и униформи). Се работеше со претходно изготвен план за програм кој беше истакнат на табла 1 или неколку дена претходно, ден на програм, број на операциона сала, сат во колку ќе се работи, оператор и кој вид на операција ќе се работи. Интересно беше тоа што инструментарките беа обучени да инструментираат на сите видови операции. Програмот почнуваше во 08:00ч наутро, а во некои денови траеше до 19:00ч. Сите сали работеа истовремено со различни операции. Ние можевме да присуствуваме на сите операции како од нашиот домен така и бај-пас, митрална стеноза на аорта, пресадување на колк, тумор на мозок и тумор на плеура. Од нашата област присуствувавме на рино пластика, тонзилектомија, мастеидектомија, пратејќи го текот на целото работење.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# *СТЕРЛИЗАЦИЈА*

Во склоп на операциониот блок имаше и оддел со централна стерлизација каде што често присуствувавме. Таму припремавме материјал за стерлизација, завоен материјал и инструменти за стерлизација. Секои инструменти пред стерлизација ги стававме во кеси со сериски број, дата на стерлизација и ги вакумиравме. Припремавме тупфери, гази со големина и број во зависност од операцијата.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# *ЗАКЛУЧОК*

- Јас сум многу благодарна што ми се укажа можност да присуствувам во една ваква болница и моите знаења да ги применувам во мојот оддел во зависност од можностите и условите кои ги имаме во нашата установа. Се работи слично како кај нас само што изобилуваат со голем број на потрошен материјал, компреси за една употреба, разновидни инструменти и мантили за во сала за една употреба.